РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12- 2014 12
03 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 23.07.2021 година донесе

ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – ----------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2014/1 од 21.05.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата.

Предметот со број 12-2014/1 од 21.05.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2014/1 од 21.05.2020 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител – ----------.

Во пријавата, подносителот наведува да се провери ЕВН како праќа сметки, а повод е изјава во медиуми од директорот дека сметките се правеле по некоја формула и тие што имале големи сметки да се обратат граѓаните до ЕВН или сами да ги запишуваат потрошените Kw часови.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, ДКСК констатираше дека истата содржи општи наводи и се изразува лично незадоволство на подносителот, а не се посочуваат конкретни незаконитости кои можат да укажат на коруптивни дејствија. Оттаму, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk